Република Северна Македонија
Општина Долнени

Локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Dollnenit
Vetëqeverisja Lokale

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоаследното:

Р Е Ш Е Н И Е

За свикување на 33 (триесет и третата) седница на Советот на општина Долнени на ден 14.12.2023 год. во 10:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

**Д н е в е н р е д**

41. Усвојување на Записникот од триесет и втората седница на Советот на општина Долнени.
42. Предлог буџет за 2024 година.
43. Одлука за усвојување на буџетот за 2024 година.
44. Одлука за извршување на буџетот за 2024 година.
45. Буџетски календар за 2024 година.
46. Одлука за измена на распоредот на средства на буџетот на општина Долнени за 2023 година.
47. Одлука за усогласување на намена на површини за градење во н.м Ропотово.
48. Разно.

Претседател на Советот

на општина Долнени – Долнени

Хусеин Хасановиќ с.р

# З А П И С Н И К

Од одржаната 33 (триесет и третата) седница на Советот на општина Долнени на ден 14.12.2023 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 10:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Перески, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Нади Садикоски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски, Ахмедин РамовиќМарјан Алампиески, Онур Имероски, Линдита Сулејманоска и Сеад Колашинац.

Претседателот на советот Хусеин Хасановиќ ја отворе со читање на дневниот ред:

1. Усвојување на Записникот од триесет и втората седница на Советот на општина Долнени.
2. Предлог буџет за 2024 година.
3. Одлука за усвојување на буџетот за 2024 година.
4. Одлука за извршување на буџетот за 2024 година.
5. Буџетски календар за 2024 година.
6. Одлука за измена на распоредот на средства на буџетот на општина Долнени за 2023 година.
7. Одлука за усогласување на намена на површини за градење во н.м Ропотово.
8. Разно.

Вака преставениот дневен ред претседателот го стави на гласање од кој сите советника гласаа ЗА.

1.По основ на првата точка од дневниот ред без никаква дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој 8 советника гласаа ЗА а додека 2 советника беа против и 5 советника беа воздржани.

2. По основ на втората точка од дневниот ред збор зеде советникот Виктор Перески кој предложи од ставката за расходи за репрезентација да се намали на 500.000 денари така што другите наменети средства да се префрлат во образовани ставка превоз. Потоа претседателот на советот го прочита записникот кој Комисијата за Буџет и финансии го состави од веќе одржаниот состанок. Вака предвидениот буџет од комисијата беше ставен на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 2 беа воздржани.

3. По основ на третата точка од дневниот ред без никаква дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 2 беше воздржан.

4. По основ на четвртата точка од дневниот ред без никаква дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 2 беше воздржан.

5. По основ на петата точка од дневниот ред без никаква дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој 13 советника гласааЗА а додека 2 беше воздржан.

6. По основ на шестата точка од дневниот ред без никаква дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 2 беше воздржан.

7. По основ на седмата точка од дневниот ред без никаква дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 2 беше воздржан.

8. По основ на осмата точка од дневниот ред претседателот го прочита барањето кое беше упатено до советот на општина Долнени.

Барање од Џелал Топалоски од с. Дебреште кој бара општина Долнени да му биде спонзор за неговите понатамошни студии (магистерски студии). Советот донесе заклучок да му се доделат 10.000 денари.

З а п и с н и ч а р

___________________________

Еркан Ајдароски

Претседател

на Советот на општина Долнени

________________________

Хусеин Хасановиќ